Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ОД СТРАНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА ОД РАДИОДИФУЗЕРИТЕ КОИ ВРШАТ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

Со оваа уредба со законска сила се утврдува начинот на наплата на надоместоци од страна на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија од радиодифузерите кои вршат радио емитување за време на вонредната состојба, а кои надоместоци се однесуваат на трошоците за обезбедување на енергетско напојување на радиодифузни уреди и закуп на деловен простор на радиодифузни објекти на претпријатието, согласно Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

## Член 2

На радиодифузерите кои обезбедуваат радио емитување (радија) Јавното претпријатие Македонска радиодифузија нема да им ги наплаќа трошоците за обезбедување на енергетско напојување на радиодифузни уреди за 2020 година и трошоците за закуп на деловен простор на радиодифузни објекти на ЈП МРД за 2020 година, определени со Ценовникот на услуги на јавното претпријатие.

Радиодифузерите од став 1 од овој член кои до денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила ги платиле надоместоците за обезбедување на енергетско напојување на радиодифузни уреди за 2020 година и надоместоците за закуп на деловен простор на радиодифузни објекти на ЈП МРД за 2020 година ќе се смета дека извршиле плаќање на надоместоците за 2021 година, согласно Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

## Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.44-5543/1
13 јуни 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски

Врз основа на член 19 став 7 од Царински закон („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16 и 144/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за намалување на увозната давачка – царинската стапка на патенти за автонавлаки

### Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за намалување на увозната давачка – царинската стапка за патенти за автонавлаки и тоа:

| Тарифна ознака | Опис | Царинска стапка |
|---|---|---|
| ex 9607 19 00 00 | Пластичен патент затворач за автонавлаки: | 7,7% |

### Член 2

За остварување на правото од член 1 на оваа одлука кон царинската декларација се поднесува:

- Доказ дека корисникот е регистриран производител со Решение од Централен регистер на Република Северна Македонија;
- Изјава од корисникот дека увезената стока ќе се користи исклучиво за потребите на сопственото производство наменето за извоз;
- Мислење од Стопанска комора на Македонија дека стоката не се произведува во Република Северна Македонија односно не се произведува во доволни количини;
- Утврден норматив на стоката што се увезува од член 1 на оваа одлука која ќе се користи како суровина/репроматеријал за производство на готовиот производ автонавлаки;
- Извештај за вкупно произведена, фактурирана и наплатена количина на готовиот производ-автонавлаки, во кој како суровина/репроматеријал е користена стоката од член 1 на оваа олука.

### Член 3

Стоката од член 1 на оваа одлука која е ставена во слободен промет останува под царински надзор. Царинскиот надзор престанува кога престануваат условите поради кои стоката е ставена во слободен промет со намалување на увозната давачка-царинската стапка, кога стоката се извезува или уништува, кога стоката е употребена за други цели кои не се пропишани во оваа одлука и кога царинските давачки се платени.

Царинската управа на крајот на секој месец да доставува извештај до Министерството за финансии и Министерството за економија за остварен увоз на стоката во членот 1 од Одлуката и остварен извоз на готовиот производ-автонавлаки.

**Член 4**

Стоката од член 1 на оваа одлука ќе се увезува заклучно со 31.10. 2020 година.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.44-3587/1**
**12 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Оливер Спасовски**